# FROM INTEGRAL TOWARDS NATIONAL SECURITY

**Mitko Kotovchevski**
"Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje, Faculty of Philosophy – Skopje, Republic of Macedonia kotovcevski@gmail.com
**Blagica Kotovchevska**
MIT University – Skopje, Republic of Macedonia, blagica.kotovcevska@gmail.com

**Abstract:** The term security often covers a whole range of different aspects of human existence and action in society and nature. The conscious struggle to establish a state of security is a civilization and cultural category that covers all aspects of contemporary security: economic, social, cultural, political, environmental, defense, etc. Establishing a state of security covers all those emergent forms of social life that are also among the social values. Security can be treated as a condition in which the physical, spiritual, mental and material survival of the individual and of the social community in a perfect balance with other individuals, social communities and with the nature. From a development point of view, security is incorporated as a biological organism, as a struggle of the organism for survival, as an adaptation of the organism to the threatening influences of its own environment.
**Keywords**: security, national security, integral security, national values

# ОД ИНТЕГРАЛНА КОН НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ

**Митко Котовчевски**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Филозофски факултет – Скопје, Република Македонија, kotovcevski@gmail.com
**Благица Котовчевска**
МИТ Универзитет – Скопје, Република Македонија, blagica.kotovcevska@gmail.com

**Резиме:** Поимот безбедност денес најчесто опфаќа цела низа различни аспекти на човековото постоење и делување во општеството и природата. Свесното настојување за воспоставување состојба на безбедност претставува цивилизациска и културна категорија која ги опфаќа сите аспекти на современата безбедност: економски, социјални, културни, политички, еколошки, одбранбени итн. Воспоставувањето на состојбата на безбедност ги опфаќа сите оние појавни облици на општествениот живот кои се вбројуваат меѓу општествените вредности. Безбедноста можеме да ја третираме како состојба во која е осигуран урамнотежениот физички, духовен, душевен и материјален опстанок на поединецот и на општествената заедница во односот кон другите поединци, општествени заедници и природата.Споредено од развоен аспект, безбедноста е вградена како биолошки организам, како тежнеење на организмот за опстанок, како прилагодување на организмот кон заканувачките влијанија од сопственото опкружување.
**Клучни зборови**: безбедност, национална безбедност, интегрална безбедност, национални вредности

## ВОВЕД

Зборот безбедност доаѓа од латинскиот ***sine cura*** што значи „без грижа" и како таков претставува малку еластичен термин со оглед на тоа дека „грижата" може да претставува најголем страв на најмала фрустрација. Во овој контекст интересна е и анализата на терминот безбедност во нашиот јазик – безбедност = „без беда" – материјална, духовна и сл., што повторно асоцира на латинските корени на овој термин – нешто што живее без беда има поголема веројатност да живее и безгрижно, односно да живее во амбиент во кој грижите ќе бидат сведени на најмала можна мера, да живее во слобода, мир и благосостојба.
Исто така овој термин со идентична основа се среќава и во рускиот јазик – безопасност = „без опасност" (воена, политичка, дипломатска, економска, социјална, идентитетска, природна – еколошка, техничко-технолошка и други видови на опасност).
Целосно ослободување од грижата е скоро невозможно, непрактично и непосакувано од филозофски, етички и психолошки аспект. Човечкиот живот кој нема секојдневни грижи е незамислив, и целосното отсуство на преземањето ризици во општеството ќе елиминира секаков научен прогрес, забава и авантура во животот, односно ќе ја негира и смислата на животот како и постоењето на човекот и општеството. Како што нема апсолутна безбедност, нема, нити па е пожелна и апсолутна безгрижност, безопасност, безризичност...

Ако во текстот на целата воена ера на дваесеттиот век може да се заклучи дека безбедноста на луѓето беше нераскинливо поврзана со безбедноста на државите, сега таа ера заминува во музејот на историјата. Денес, истражувањата на безбедноста во рамките на глобалната политика се фокусираат на најголемите стравови: заканите на животите на луѓето.

## 1. РАЗЛИЧНИ СФАЌАЊА НА ПОИМОТ БЕЗБЕДНОСТ

Безбедноста на луѓето претставува најважна политичка грижа, односно во новата ера, во голема мерка е променет фокусот на дисциплината на безбедноста на луѓето наместо на државата: тоа е човековата безбедност (индивидуална безбедност).

Наведената дефиниција за поимот безбедност не ги опишува постоечките ентитети, туку има тенденција на прикажување за една идеализирана состојба. Но, ваквата дефиниција за состојбата на безбедноста е неопходна со цел да се извлече свесното настојување за воспоставување на таквата состојба, дејност, организациски облик, односно систем во кој што таа дејност – организациски облик ќе се остварува.

Безбедноста во суштина претставува иманентен структурен дел на општеството кој во себе вклучува определена состојба, односно определени особини на состојбата, а исто така и дејност, односно систем. Безбедноста се однесува и на општеството, односно на државата во целина т.е. национална (внатрешна и надворешна) безбедност, а исто така и на меѓународната заедница, а во овој случај зборуваме за меѓународна, односно за светска безбедност (глобална безбедност).

Зборот безбедност е повеќезначен и во теоријата и доктрината се користи за да се означат разновидни елементи и односи. За претходно и пренасочувачко означување на тој поим неопходно е да ја прифатиме дефиницијата (изработена во рамките на ООН во 1985 година) според која "**безбедноста е состојба во која државите сметаат дека нема опасност од воен напад, политички принуди или економски присили така што можат слободно да се развиваат**".[42]

Анализирана од аспект на заканите, односно анализирана во „светлината" на заканите, безбедноста според различни автори се дефинира со дијаметрално спротивни гледишта: од аспект на недостаток на една (воена) закана до релативна ослободеност од сите закани.

Според Иан Белани „самата безбедност е релативна ослободеност од војни, соединето со релативно високо очекување дека поразот нема да биде последица на која било војна што ќе се случи"[43]

Спротивно на ова стојалиште, Џон Е. Мроз истакнува дека „безбедноста е релативната ослободеност од штетните закани"[44]

Содржинското определување на поимот безбедност е неопходно, бидејќи таа е иманентен потреба за успешно функционирање на современите држави. Како што од биолошки аспект безбедноста претставува услов за остварување на основните животни функции, така и за современите општества безбедноста е неопходен предуслов за остварување на сите витални општествени функции.

Новата концепција за безбедност на човекот (Human security concept) за разлика од традиционалната концепција за националната безбедност, како примарна ја истакнува безбедноста на поединците (индивидуите) а не на државата како ентитет. Новиот безбедносен концепт почнува да се развива кон крајот на осумдесеттите години од минатиот век, период кога современите општества и светот во целина се повеќе почнаа да се соочуваат со променливата безбедносна парадигма и радикално променетото (видоизменето) безбедносно опкружување.

Безбедноста е субјективна во тоа што индивидуалните стравови не се согласуваат секогаш со реалноста на заканите. Оваа реалност е многу значајна бидејќи (пред) води низ прашањата што се важни, наместо приоритетите на владите. Безбедноста на владите не е иста со безбедноста на луѓето кои треба да ги застапуваат. (пр. Развојот на глобалните човекови права, постоењето на глобалните системски неуспеси: распространувањето на гладот и излечивите болести во свет со ограничена исхрана и лекови за да може да им се спротивстават).

„Концептот за безбедност во иднина мора да се промени од ексклузивен акцент на националната безбедност кон многу поголем акцент на безбедноста на луѓето, од безбедност преку оружје кон безбедност преку човеков развој, од територија до храна, вработување и општествена безбедност"[45]

---

[42] Тадиќ, Б. (1989*). Несврстаност и меѓународна безбедност*. Белград: ЦОССИ. стр. 21.

[43] Bellany, I. (1981). *Towards a Theory of international Security*. Political Studies, 29:1. p. 102

[44] Mros, E. J. (1980). *Beyond Security: Private Perceptions Anong Arabs and Israelis*. New York, International Peace Academy. p.105

[45] UNPP (1993). *Human Development Report. Peoples Participation*. Oxford: Oxford University Press.

Значењето на безбедноста не е само мистерија на академската наука, неговата тежина доаѓа до израз како значаен атрибут во „реалните“ објективни политички работи. Оваа констатација произлегува и од фактот дека заканите врз безбедноста на државите претставуваат приоритет за владите, но исто така, заканите врз животите на луѓето треба да претставуваат највисок безбедносен приоритет на современите држави и нивните влади. Новото сеопфатно разбирање на безбедноста не треба да биде исклучиво ограничено на чистите воени аспекти.

„Нашето преживување не зависи само од воениот баланс туку од глобалната соработка да се создаде одржлива биолошка средина базирана на подеднакво распоредени ресурси;“[46]

Безбедноста како феномен, односно нејзиното толкување е многу сложено и комплексно што овозможува да постојат различни мислења и толкувања на поимот безбедност.

Поимот безбедност е повеќезначен (има повеќе значења), односно под овој термин се подразбира определена состојба, организација, функција или систем, или пак сето тоа заедно.

Дефинирањето на овој поим зависи од теоретските стојалишта на авторите, првенствено од аголот на набљудување и анализа на оваа значајна проблематика. Важно е да потенцираме дека разликите произлегуваат од тоа дали поимот безбедност е во корелација со заштитната функција на државата, дали поимот на безбедност е поврзан за определени работни активности, од политичките стојалишта и слично.

Најцелисходна е определбата која произлегува од фактот дека безбедноста е основен атрибут на секоја држава и дека таа е врзана за нејзината заштитна функција.

Системот на безбедност како функција во една држава може да биде различно организиран, односно во оваа област разликуваме три основни функции:

1. Систем за безбедност заснован врз чисто воени -(милитантни) принципи на заштита и типично милитантни облици на воена организација.
2. Систем за безбедност како вид на класична државна заштита.
3. Систем за безбедност како облик на координација на државниот, односно општествениот механизам на заштита (систем во кои отпочнуваат определени процеси на поопштествување на безбедносната функција).

Универзалните видови на системот за безбедност во современото општество се познати како:

- **државна,**
- **јавна и**
- **воена безбедност.**

Состојбата на безбедноста го определува подрачјето на активност и носителите на стабилноста, односно загрозувањето на општествените вредности.

Во тој контекст, можеме да зборуваме за различни облици на безбедносна состојба (состојба на криминалитет, безбедноста на сообраќајот, политичко – безбедносна состојба и слично).

Безбедноста како состојба претставува заштитеност на некое добро, вредност и придобивките на општеството.

Во политичко – безбедносна смисла, безбедноста ја опфаќа целокупната заштитеност на државата од сите видови на непријателски, субверзивни дејности, од носителите на внатрешните и надворешните извори на загрозување и на другите штетни влијанија и загрозувања.

Со оглед на ризиците и опасностите кои ги предизвикуваат силите – носителите на внатрешните и надворешните извори на загрозување, безбедноста може да биде надворешна и внатрешна.

Надворешната безбедност во суштина се однесува на заштитата на независноста, суверенитетот на земјата и територијалната целокупност.

Внатрешната безбедност се однесува на непречено функционирање на конкретниот уставен поредок, односно на функционирањето на општествено – економскиот и политичкиот систем на државата, како и заштитеноста на другите вредности и добра и објекти на заштита.

Како механизам на заштита безбедноста има разни облици на организациони форми (државни и општествени органи и субјекти) и различни специфични обележја нормативно – правно засновани со другите законски акти на политичката власт.

Во реализацијата на безбедноста како состојба, организацијата и функцијата во обезбедувањето на внатрешната и надворешната заштитеност на државата и општеството паралелно учествуваат државната и јавната организација на воените сили, воената безбедност, односно севкупната национална безбедност на земјата.

---

[46] ICDI (1980). *North-South: The Report on the International Commission on International Development Issues*. London: Pan Books.

Секоја од претходните видови на безбедност претставува целина за себе (државна, јавна, воена безбедност), но исто така тие се во комплементарен однос на посебна безбедност со општата безбедност како целина.

Покрај овие видови на безбедност постои безбедност во техничка смисла (безбедност на сообраќајот, врските итн.).

Според други дефиниции, безбедноста во најширока политичка – правна смисла ги опфаќа мерките и активностите на зачувавување и заштита од сите видови на загрозување на независноста и територијалната целокупност на една земја и заштита на внатрешниот државен и правен поредок.

Во првиот случај станува збор за надворешна, а во вториот случај за внатрешна безбедност.

Според објектот на заштита постојат пет вида на безбедност:

- **државна,**
- **јавна,**
- **колективна,**
- **лична (персонална, граѓанска, индивидуална итн.)** и
- **имотна.**

Како основа за сеопфатното определување на поимот безбедност ќе ги потенцираме неколкуте основни карактеристики кои ги застапуваат определени автори.

Во претходните анализи констатиравме дека безбедноста претставува атрибут, а во исто време и функција на државата, а може да се разгледува и како организација и како состојба.

Исто така е значајно да ја потенцираме нејзината суштина преку која општеството остварува одредени цели кои првенствено се состојат во заштита на сопствениот опстанок и овозможуваат непречен развој во согласност со сопствените можности.

Функцијата на безбедност во современите држави е посложена и претставува мошне сложена функција која во голема мера се разликува од дејностите на органите на безбедност.

Во остварувањето на овие функции денес се вклучени огромен број на органи и субјекти на кои безбедноста не им претставува примарна задача.[47]

Во анализата на политичките приоди кон проблемите на безбедноста, разликуваме: Револуционерен, конзервативен и либерален (Слика 1).




***Слика 1 Политички приоди кон проблемите на безбедноста***

Адаптирано според: Joshua C. Goldstein,Long Cycles: Prosperity and War in the Modern Age(USA;Yale University PREES 1988)

[47] На овој начин се надминува гледиштето дека заштитната функција на државата се остварува само преку силите на безбедност (полицијата и вој-ската на прво место) со што во голема мера се создаваат можности за из-двојување на функцијата на безбедност како самостојна функција, одно-сно нејзина идентификација со заштитната функција во целина.

## 2. ПОИМ И СУШТИНА НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ

Иако поимот национална безбедност во почетниот период на неговото појавување немаше доволно јасна содржина но со текот на времето доаѓа до негова јасно детерминирање и прецизирање. Во фокусот на националната безбедност почнува да се согледува и анализира вкупноста на политичките, воените и економските напори кои ги превземаат владите за остварување на внатрешната и надворешната безбедност на своите држави.

Во меѓународната енциклопедија во општествените науки националната безбедност е дефинирана како „способност на државата (нацијата) да ги заштити своите внатрешни вредности од надворешни опасности", (еднострана дефиниција во однос на „опасностите" – забелешка на авторот).

Други автори националната безбедност ја дефинираат како „функција на националните држави со помош на која, во согласност со своите можности, сега и во иднина, почитувајќи ги глобалните промени и развојот во светот, го заштитуваат сопствениот идентитет, опстанок и интереси"[48].

Според Валтер Липман (Wallter Lippmaun) „државата е сигурна толку колку што не мора да ги жртвува своите основни вредности без војна или со неа".

Од анализата на содржината на оваа дефиниција можеме да констатираме дека и таа е непрецизна и нецелосна и повеќе се фокусира на детерминирање и елаборирање на нивото /степенот на сигурност на една држава. Справувањето со заканите на основните вредности авторот го сведува исклучиво на примена на класични стандардни инструменти без конкретно расветлување на феноменот национална безбедност.

Арнолд Волферс (Arnold Wolfers) националната безбедност покомплексно ја детерминира во објективна смисла ја мери со „отсуство на загрозување на основните општествени вредности, а во субјективна се однесува на отсуството на страв за општеството дека неговите основни вредности ќе бидат загрозени",[49](мошне корисна дефиниција која отстапува од строгите методолошки критериуми за креирање на дефинициите).

Кон Бут (Kenn Booth) во своите анализи констатира дека стабилна безбедност постигнуваат само оние народи и држави кои не им ја ускратуваат безбедноста на другите, а тоа може да се постигне само доколку безбедноста се разбере како процес на ослободување".[50]

Бари Бузан и неговата фундаментална книга „Луѓе, држави, стравови (Peoples, States and Fear)[51] претставуваа јадрото за формирање на т.н. Копенхагенска школа во 1983 година. Во неговата книга за прв пат освен воената, беа идентификувани уште четири клучни области на безбедноста: политичка, социјална, економска и еколошка. Воената безбедност најопшто се однесува на меѓусебните односи на вооружените (одбранбени и офанзивни) способности на државите, како и на осознавањето (запознавањето) на државите за намерите на другите држави.

**Политичката безбедност** се однесува на организационата стабилност на државата,системот на ефективно државно управување и идеологијата кои што им гарантираат легитимност.

**Економската безбедност** се поврзува со „гарантирањето на ресурси, финансии и пазари, неопходни за одржување на прифатливото ниво на благосостојба на луѓето и моќта на државата.

**Социјалната (општествената) област на безбедноста** подразбира постоење на прифатливи услови за развој на традиционалните форми на јазикот, културата, религијата и националниот идентитет во целина (националните традиции на нацијата) со обезбедување на можности за нејзина еволуција.

**Економската безбедност** е дефинирана како зачувување и подржување на локалната и планетарната биосфера како клучна околина-систем врз кои се темелат сите човекови активности.

Сите овие подрачја претставуваат темелни подрачја за анализа на безбедносната политика на современите држави. Во своето значајно дело Бузан критички се осврна на постоечките дефиниции за национална безбедност сметајќи дека се корисни но не и доволни за разбирање на националната безбедност. Со цел да придонесе при утврдувањето на поимот национална безбедност, Бузан националната безбедност ја разгледува на три нивоа и во неколку подрачја на човековата дејност. Нивоата на разгледување се индивидуално, национално (државно) и меѓународно, додека подрачјата за разгледување ги вклучуваат военото, политичкото, стопанското, социјалното (општественото) и економското.

---

[48] Huwaydi, A. (1989). *Militarization and security in the Middle East*. Printer Publishes. стр. 16.
[49] Wolfers, A. (1952). *National Security of Ambiguous Symbol*. Political Science Quarterly. 67/4. стр. 167-168
[50] Booth, K. (1991). *Security Emancipation*. Review of International Studies 17(4). стр. 313-326
[51] Buzan, B. (1991). *Peoples, States and Fear: An Agenda for International Security Studies in the Post Cold War Era*. London: Harwester Wheatsheaf. стр. 19-20

Критичарите на ова учење (посебно неореалистите) подвлекуваат дека ако се тргне по патеката на проширување на спектарот на безбедноста, практички нема да има крај. Според нив, секогаш ќе може сите важни прашања на државното и општественото управување да се трансформираат во проблеми на безбедноста и заради еднаквата поставеност според презумпцијата на приоритетот да се стигне до блокирање на управувањето (во безбедноста).

Според неговите критичари, доколку дојде до преоптоварување со оваа проблематика, ќе нема доволно ресурси за нејзиното остварување со што процесот на рушењето (уривањето) на довербата во политичкото управување ќе биде неизбежен.

Според анализите на Бузан, најважно е националното (државно) ниво бидејќи ги определува другите две нивоа на безбедност. Во современите услови, стандардната единица за безбедност и понатаму претставува суверената територијална држава заедно со претходно потенцираните пет основни подрачја (воено, политичко, стопанско, социјално-општествено и еколошко).

Исто така, според Бузан во случајот на безбедноста, дискусијата е околу потрагата по ослободување од заканата. Кога оваа дискусија е во контекст на меѓународниот систем, безбедноста се однесува на способноста на државите и општествата да го одржат својот независен идентитет и својот функционален интегритет.

Кога станува збор за остварување на стабилна безбедност според толкувањата на Вилер и Бут „стабилна безбедност може да се постигне од страна на луѓето и групите ако тие не ја одземаат таа безбедност од некого: таа може да се постигне ако безбедноста се смета за процес на еманципација“.[52]

Според Мајкал Х.Х Лоув, националната безбедност вклучува традиционална политика за одбрана и „невоени акции за една држава да го осигура својот вкупен капацитет да преживее како политички ентитет за да остварува влијание и да остварува внатрешни и меѓународни цели“.[53]

Од аспект на функцијата на националната безбедност во заштита на битните национални вредности ќе ја презентираме дефиницијата на Френк Н. Трегер и Френк Н. Симони според кои „националанта безбедност е делот од владината политика која како цел го има создавањето на националните и меѓународните политички услови погодни за заштитување или проширување на битните национални вредности наспроти постојните и потенцијални непријатели“.[54]

Во сите презентирани дефиниции, чисто од семантички причини, тешко е да се одбегне апсолутната смисла на безбедноста, што не е погодно од аспект на идејата за мерливо градиран спектар. Овие дефиниции и покрај детерминирањето на некои критериуми за националната безбедност, не нудат целосна претстава за цврстината на концептот. Поголемиот дел од овие дефиниции ги одбегнуваат суштинските прашања, суштинските вредности, неослободени од контрадикторности со (не)поделеоност на субјективните и објективните аспекти на безбедноста, со потенцирање само на војната како единствена форма на опасност релевантна за националната безбедност-целосна наклонетост кон апсолутно гледиште за безбедноста.

Според Кигли и Вирткоп националната безбедност претставува „Психолошка слобода на земјата од стравот дека државата нема да биде во состојба да се спротивстави на заканите на нејзиниот опстанок и националните вредности, кои доаѓаат било однадвор или однатре.“[55]

**Според нашите согледувања националната безбедност можеме да ја дефинираме како: „Способност на државата целосно и успешно да ги заштити своите витални национални, државни и општествени вредности, опстанок и идентитет од сите облици и видови на загрозувања.“**

**„Состојба на државата и општеството правовремено да се спротивстават и да ги елиминираат реалните опасности, закани и ризици и да обезбедат психолошка ослободеност од стравовите за загрозување на нивните вредности, опстанок, идентитет и мирниот самостоен, непречен и севкупен развој.“**

---

[52] Wheelek, N.J. and Booth. K. (1992). *The Security Dilemma*, in Baylis, J. and Rengger, N.J. (eds). *Dilemmas of World Politics*; *International isues M A Changing world*. Oxford: Oxford University Press.

[53] Louw, H.H.M. (1978). *National Security Pretoria*. University of Pretoria. според цитатот од „The Purpose of the Symposium“.

[54] Trager, F.N. and Simonie, L.F. (1973). *An introduction to the Study of National Security*, in Trager, F.N. and Hronenberg, P.S. (1973). *National Security and American Society Lowrense Kansas*. University Press of Kansas. p.36

[55] Kegly. Jr., C.W. and Wirtkopf, E.R. (2001). *World Politics-Trend and Transformation*. Wadsford, a division of Thompson Learning, inc. pp.655.

Од претходно презентираните мислења и ставови за националната безбедност може да се заклучи дека националната безбедност од една страна ја подразбира состојбата на безбедност на националната држава, а од друга страна свесноста и организирано дејствување на државата и општеството заради осигурување на опстанокот, развојот и егзистенцијата на поединецот, општеството и државата, односно нивното обезбедување од сите извори на загрозувања и на сите нивоа, во сите сфери на државата и општеството.

**ЗАКЛУЧОК**

Националната безбедност како приоритет треба да ја обезбеди слободата, независноста и интегритетот на државата, суверенитетот и територијалниот интегритет, човековите слободи и права на граѓаните и субнационалните и националните групи, политичката и социјалната стабилност и просперитет на општеството и државата, стабилен и динамичен стопански развој и непречено функционирање на правната држава, стабилен и одржлив јавен поредок и лична безбедност на граѓаните како и здрава животна средина.

Создавањето на социјалната држава ја измени улогата на државата која на овој план доби двојна функција-обезбедувач и заштитувач. Ова претставува критична точка што радикално го менува и поимот за тоа што ја сочинува националната безбедност. Како што се менува државата во новите услови на глобализацијата и новото сложено меѓународно опкружување, новата променлива улога на државата значи и нова - видоизменета функција на националната безбедност.

Голем број на автори денес тврдат дека терминот глобализација подразбира „слабеење на државните структури и на автономијата и моќта на државата“.[56]

Соочени со новите глобализирачки економски и безбедносни проблеми, многу современи држави постануваат се повеќе онеспособни да задоволат / остварат значителен дел од функциите што граѓаните ги очекуваат од нив. Државата повеќе не е способна истовремено да биде економски обезбедувач за населението, гарант на внатрешната општествена стабилност и натпреварувач на се посложената и повеќе меѓусебно зависна меѓународна арена.

„Вродените“ противречности на овие државни улоги се повеќе се продлабочуваат и нивното негативно влијание се мултиплицира во време на промена или криза. Променатата улога на државата (ослабната или зајакната) ја присилува да се приспособи и да изнајде нови начини да реагира на новите глобални економски трендови кои често пати можат да и наштетат на нејзината безбедност. Во овој контекст значајно е да се потенцира и трансформацијата на политичката на идентитетот. Поединците често пати го „губат“ идентитетот или се оддалечуваат себеси од нивниот „државен идентитет“ и се помалку се идентификуваат со својата држава а многу повеќе се идентификуваат со голем број недржавни групи. Тоа претставува уште еден сериозен удар врз концептот за национална држава бидејќи во голема мера се еродира патриотизмот и национализмот на граѓаните-значаен фактор за идентификација на граѓаните со вредностите на модерната држава и привлекување на нивната лојалност.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Тадиќ, Б. (1989*). Несврстаност и меѓународна безбедност*. Белград: ЦОССИ.
[2] Beeck, U. (1999). *World Risk Society*. Cambridge: Polity Press/ Blackwell Publishers UK.
[3] Bellany, I. (1981). *Towards a Theory of international Security*. Political Studies, 29:1.
[4] Booth, K. (1991). *Security Emancipation*. Review of International Studies 17(4).
[5] Buzan, B. (1991). *Peoples, States and Fear: An Agenda for International Security Studies in the Post Cold War Era*. London: Harwester Wheatsheaf.
[6] ICDI (1980). *North-South: The Report on the International Commission on International Development Issues*. London: Pan Books.
[7] Huwaydi, A. (1989). *Militarization and security in the Middle East*. Printer Publishes.
[8] Kegly. Jr., C.W. and Wirtkopf, E.R. (2001). *World Politics-Trend and Transformation*. Wadsford, a division of Thompson Learning, inc.
[9] Louw, H.H.M. (1978). *National Security Pretoria*. University of Pretoria.
[10] Mros, E. J. (1980). *Beyond Security: Private Perceptions Anong Arabs and Israelis*. New York, International Peace Academy.

[56] Beeck, U. (1999). *World Risk Society*. Cambridge: Polity Press/ Blackwell Publishers UK.

[11] Trager, F.N. and Simonie, L.F. (1973). *An introduction to the Study of National Security*, in Trager, F.N. and Hronenberg, P.S. (1973). *National Security and American Society Lowrense Kansas*. University Press of Kansas.
[12] UNPP (1993). *Human Development Report. Peoples Participation*. Oxford: Oxford University Press.
[13] Wheelek, N.J. and Booth. K. (1992). *The Security Dilemma*, in Baylis, J. and Rengger, N.J. (eds). *Dilemmas of World Politics*; *International isues M A Changing world*. Oxford: Oxford University Press.
[14] Wolfers, A. (1952). *National Security of Ambiguous Symbol*. Political Science Quarterly. 67/4.